РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3595/6
12.09.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 30.08.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 11-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.08.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.08.2024 година.
3. Предлог - одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Услуга за фиксна телефонија.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Токени.

6. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – Дезинфекција и дезинсекција, во деловните простории на Палата „Панко Брашнаров“.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 11-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.08.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.08.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог - одлуката за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, предложи нејзиното разгледување да се одложи за еден час, односно да се направи пауза до 15 часот, а за причината рече дека директорот ќе даде образложение.

Г-дин Трајчевски објасни, за да може Советот да донесе одлука за поништување на претходно донесената Одлука, неопходно е да се исполнат неколку услови од страна на радиодифузерот. Наведе дека од формална страна се исполнети условите во однос на финансиските трансакции на радиодифузерот, но имаше техничка грешка во доставената документација за вработена во телевизијата, за што во текот на вчерашниот ден им беше укажано да се коригира. Коригираните документи радиодифузерот ги донесе во архивата на Агенцијата во оригинал, пред започнување на седницата во 13:30 часот. Од таа причина материјалите по оваа точка не се доставени бидејќи се врши проверка од страна на секторите и ќе се достават до членовите на Советот од кога ќе се проверат, комплетираат и архивираат и затоа е потребно да се направи пауза.

Советот на Агенцијата немаше против точката да се одложи и да се продолжи со разгледување во 15 часот.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Услуга за фиксна телефонија. Објасни дека оваа услуга е предвидена во годишниот План за јавни набавки на Агенцијата а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за оваа година, но договорот што ќе произлезе ќе биде склучен за три години, така што средствата соодветно ќе бидат планирани во финансиските планови за наредните години. Според предвидениот износ на средства, набавката ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки за овој вид постапка. Наведе дека сите останати податоци се содржани во материјалите по точката.

Г-дин Петрушевски рече дека ги разгледал материјалите и забележал дека станува збор за навистина мали средства околу 75 илјади денари за три години. Оваа услуга рече дека се поретко се користи но од технички причини мора да се спроведе. Се изјасни дека ќе даде поддршка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга за фиксна телефонија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот услуга за фиксна телефонија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025-та и 2026-та година.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Токени. Објасни дека за нејзино започнување и спроведување исполнети се сите законските услови. Таа е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за оваа година. Според предвидениот износ на средства, набавката ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки за овој вид постапка. Сите други податоци се содржани во материјалите по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Токени.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Токени, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – Дезинфекција и дезинсекција, во деловните простории на Палата „Панко Брашнаров“. Објасни дека за оваа набавка не важат одредбите од Законот за јавни набавки затоа што е набавка под вредносни прагови од Законот за јавни набавки. За да се обезбеди транспарентност во располагањето на средствата добиени се две понуди од кои економски поприфатлива е едната од нив. Наведе дека во износот на средствата ќе партиципира и Министерство за спорт.

Г-дин Трајчев во врска со образложението на раководителката Митревска рече дека Советот на Агенцијата ја одобрува само потребата и финансиските средства а не одлучува која од понудите ќе биде избрана.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на услуга - Дезинфекција и дезинсекција во деловните

простории на Палата „Панко Брашнаров, со вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки.

За горенаведената услуга средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

Со цел реализирање на услугата - Дезинфекција и дезинсекција на целиот објект на Палата „Панко Брашнаров, ќе се изврши поделба на потребните финансиски средства во соодветен сооднос и тоа: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 69,33% и Министерство за спорт 30,67%, по доставената согласност од нивна страна.

***<u>По кратката пауза, седницата започна во 15 часот.</u>***

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - одлуката за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица. Објасни дека Советот претходно ја започна постапката за одземање на дозволата затоа што имаше два неисполнети услови, односно го немаше платено годишниот надоместок за дозволата и немаше број на вработени согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. До 24.07.2024 кога Советот ја донесе Одлуката, радиодифузерот го плати надоместокот, но имаше вработено само 4 лица од потребните 5. Затоа Советот донесе условна одлука да му се овозможи во текот на наредниот ден да ги достави потребните документи и одлуката да не се објави во Службен весник на РСМ, но за жал радиодифузерот во тој краток период не ги отстрани законските пречки за да може да ја задржи дозволата. Согласно Законот, дозволата на ТВ Канал Вис беше одземена а Одлуката беше објавена во СВРСМ и во два дневни весници. Во меѓувреме радиодифузерот одлучил дека ќе продолжи со работа и поднел тужба во законскиот рок од 30 дена до Управен суд. Од сумата на средствата која што беше уплатена на сметката на Агенцијата за надоместокот, Агенцијата го задржа само оној дел од надоместокот за периодот додека работел, а остатокот од средствата му беа вратени на неговата сметка. Потоа радиодифузерот откога одлучил дека ќе продолжи со работа, во целост ги доплати финансиските средства за дозволата и исто така во износ нешто помалку од 52 илјади денари ги плати трошоците кои што ги имаше АВМУ направено за објавување на Одлуката за одземање на дозволата во СВРСМ и во два дневни весници и трошоците за повторно објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за одземање на дозволата во СВРСМ и во два дневни весници. Исто така го исполни и другиот услов, достави документи за потребниот број на вработени. Но заради техничка грешка на презимето на главната и одговорна уредничка документите му беа вратени и денеска до 13.30 часот беа доставени и разгледани од стручната служба кои доставија мислење дека се во согласност со Законот. Од таа причина се предлага Советот да донесе Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица. Објасни дека радиодифузерот по електронска пошта ја известил Агенцијата дека во понеделник ќе ја

повлече тужбата преку Управен суд за одземање на дозволата. Добро е што радиодифузерот продолжува да работи, законските услови се исполнети, но вработените кај радиодифузерот се пријавени на само еден месец и изрази надеж дека во иднина финансиската состојбата ќе му се стабилизира. Наведе дека Агенцијата и понатаму ќе ја следи состојбата со радиодифузерот во однос на тоа дали бројот на вработени континуирано ќе биде во согласност со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Г-дин Петрушевски рече дека во сите вакви случаи секогаш ја поддржува можноста било кој медиум да продолжи да работи, така и во овој случај со задоволство ќе гласа да се поништи Одлуката на Советот. Се надева дека во понатамошното работење радиодифузерот финансиски ќе се консолидира и ќе им овозможи поголем период на вработените.

Г-дин Фиданоски рече од сè што се случуваше во изминатите 50 дена поврзано со телевизија КАНАЛ ВИС од Струмица, според него евидентно е дека овој радиодифузер вложува напори и понатаму да егзистира на македонската медиумска сцена. Канал Вис е телевизија со децениско постоење и еден од ретките регионални медиуми кој што со право си го заслужува тој епитет дека жителите од југоисточниот регион најчесто ја избирале и гледале програмата на ВИС. Како што кажал и директорот Трајчевски, се надева дека радиодифузерот ќе успее подолгорочно да се стабилизира финансиски. Даде поддршка за предложената одлука и рече дека ќе го повтори она што го кажал директорот, дека Агенцијата ќе го следи неговото работење и дали ги исполнува и почитува законските услови, но во овој момент смета дека е потребно Советот да даде поддршка и да му овозможи да продолжи со својата работа.

Г-дин Ајдини рече дека го разгледал материјалот по основ на оваа точка и добро е што радиодифузерот успеал да ги отстрани недостатоците. Телевизија ВИС е една од постарите телевизии во државата и рече дека ќе даде поддршка затоа што заслужува да работи.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се поништува Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023.

Се задолжува Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, најдоцна до 03.09.2024 г., да ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 4.465,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, во Службен весник на Република Северна Македонија (РСМ), бр.159/24 – по Фактура бр.7125-6849/27 од 06.08.2024 г.;
- да ги плати трошоците во износ од 41.981,00 денар, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура бр.34052/2024 од

31.07.2024 г. (наш арх.бр.05-3535/1 од 22.08.2024 г.) и Фактура бр.2410300835 од 31.07.2024 г.;

- да ги плати трошоците во износ од 1.083,00 денари, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.08-218 од 08.08.2024 г., во Службен весник на РСМ, бр.167/24 – по Фактура бр.7392-6849/27 од 15.08.2024 г. (наш арх.бр.05-3539/1 од 22.08.2024 г.);
- да ги плати трошоците во износ од 4.465,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., во Службен весник на РСМ и
- да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 29.08.2024 г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г.

Горенаведената Одлука стапува во сила на ден 04.09.2024 г., под услов Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски кон Агенција, содржани во точката 2 од овој Заклучок и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, не ги исполни обврските содржани во точката 2 од Заклучокот во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023.

Агенцијата во врска со донесената Одлука да го извести Управниот на РСМ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави во Службен весник на РСМ, и на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето во име на Советот му посака на радиодифузерот да продолжи со борбата за да опстане и да продолжи професионално да работи како што е по Закон.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**